# ГЕВГЕЛИСКИ МАГАЗИН

ГЕВГЕЛИЈА

Февруари, 2023 - Број 99



## СОДРЖИНА


Стр. 3
**Тема**



Стр. 4-7
**Актуелно**



Стр. 8-9
**Промоција**



Стр. 10-11
**Интервју**



Стр. 12-15
**Хроника**



Стр. 16-17
**Култура**



Стр. 18-21
**Млади**



Стр. 22-23
**Истражување**



Стр. 24-25
**Спорт**



Стр. 26-27
**Мозаик**






# ГЕВГЕЛИЈА ГО ЗГОЛЕМУВА БРОЈОТ НА ТУРИСТИЧКИ НОЌЕВАЊА

Општина Гевгелија по вторпат своите туристички потенцијали ги презентираше на престижниот Белградски саем на туризам. Овој пат, многу поорганизирано, поамбициозно и со побогата понуда од туристичко-пропаганден материјал. Бидејќи меѓу двете саемски манифестации, Општина Гевгелија ја утврди својата Стратегија за развој на туризмот, ги дефинира туристичките потенцијали и подготви репрезентативен пропаганден материјал. Со јасно дефинирана цел за поврзување на сите чинители во гевгелиската туристичка понуда, поткрепена со електронска мрежа за полесна комуниакција. Вака подготвена Гевгелија својата туристичка понуда ја презентираше на 44. Меѓународен саем за туризам во Белград, заедно со уште четири општини од земјава, кои очигледно на туристичкиот развој му приоѓаат најсериозно.

Со право, бидејќи Белградскиот саем не е само најголема балканска туристичка манифестација, туку и пошироко: годинава покрај традиционалните 33 земји учеснички, на Саемот се претставија и осум африкански земји. Во рамките на саемските денови, Општина Гевгелија ги презентираше своите природни убавини, богато културно наследство и гурманско искуство. Како што е познато, Општина Гевгелија веќе ја промовираше својата туристичка стратегија под заштитниот слоган SPICE UP THE JOURNEY. Притоа, беа промовирани главните туристики потенцијали - природните богатства преку планинарење, планински велосипедизам, параглајдерство, лов, риболов и други активности. Забавата и возбудата што ја овозможува казинотуризмот, но дополнети со придружни културни и други манифестации. Сензационалните вкусови на веќе афирмираните гевгелиски ресторани и кафеани, здравјето и убавината - што успешно го нудат веќе постојните спа и стоматолошко-здравствени центри. Секако, и потребата од поголемо туристичко отворање на вредните



археолошки локалитети, стари цркви и културните знаменитости во Општината.

Од изготвената комуникациска стратегија произлегоа повеќе креативни решенија, па така беа изработени флаери на три јазици, стикери, торби, маици со слоганот Spice up the journey. Отворени се фан-страници на социјалните мрежи Facebook и Instagram, а изработени се и 5 кратки промотивни видеа за сите компаративни погодности и туристички потенцијали, како и едно генерално видео за промоција на вкупната туристичка понуда на Општина Гевгелија. Се на се, репрезентативен материјал, кој им беше презентиран на српските туристи и бројните други посетители на Белградскиот саем на туризам. Тоа беше извонредна можност за претставување на Гевгелија како значајна туристичка дестинација.

Минатата година, според податоците на АППТ, од вкупниот странски туристички промет во земјава 11% или 63.000 биле српски туристи, кои оствариле 130.000 ноќевања. Воопшто нема сомневање дека значаен број од српските туристи престојувале во Гевгелија. Поточно, не само што транзитирале туку и ноќевале два или повеќе денови, на пат за Грција. Сите бевме сведетели кога минатото лето скоро сите понудени 1000 легла за сместување во приватните куќи за издавање, особено за време на туристичките шпицеви, беа зафатени. За бројноста на српските туристи во гевгелиските супермаркети и ресторани и да не зборуваме. Според најавите, летово во Грција се очекува инвазија од српски туристи, а тоа значи дека значаен дел од нив на долгиот пат до грчките летувалишта ќе отседнат во Гевгелија.

Издавачите на соби нагласуваат дека српските туристи лани беа најбројни, но, за првпат, евидентирани се и ноќевања на романски, чешки и словачки туристи. Тоа недвосмислено зборува дека списокот на странски гости кои престојуваат во Гевгелија, покрај традиционалните и секојдневни грчки посетители и српски туристи, се проширува. Затоа, и на овие туристи, без разлика што станува збор за викенд посети или дневни тури, треба да им се понуди малку повеќе од ноќевање. Особено, што многумина од нив, по доброто запознавање со трговската понуда и гастрономија, и самите тргнаа во потрага по услужните и здравствено-рекреативните дејности. Гевгелија, од памтивека, била значајна транзитна дестинација, меѓутоа со новата туристичка стратегија на Општина Гевгелија, на транзитните туристи треба да им бидат доближени и другите туристички потенцијали. Се разбира, со поангажиран однос и вклученост на сите чинители во туристичката дејност.

Советот на Општина Гевгелија ја усвои Завршната сметка на Буџетот на Општина Гевгелија за 2022 година

# РЕАЛИЗАЦИЈА ОД 88,22% НА БУЏЕТОТ ЗА 2022 ГОДИНА

Во 2022 година, од планираните 519.651.337 денари вкупни приходи во Буџетот на општина Гевгелија реализирани се 461.564.783 денари или 88,82%, додека од планираните приходи во Основниот буџет во износ од 228.617.133 денари реализирани се 204.585.191 денар, или 89,94%. Ваквата реализација на Основниот буџет во минатата година, во услови на енергетска и економска криза, е повеќе од успешна, нагласи градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов, во расправата по Завршната сметка на Буџетот на Општина Гевгелија за 2022 година, која беше усвоена од страна на Советот на Општина Гевгелија на 23. седница.

Од планираните 17.100.000 денари капитални приходи во Основниот буџет реализирани се 14.856.933 денари или 86.88%. Инаку, од планираните расходи во Буџетот на Општина Гевгелија за 2022 година реализирани се 88,82% или 519.651.337 денари. Додека, во Основниот буџет реализираните расходи учествуваат со 204.585.291 денар, од кои 45.593.910 денари или 22,29% се капитални расходи. Во споредба со планираните капитални расходи од 58.584.467 денари, капиталните расходи учествуваат со 77,82%, што е индикатор за задржување на развојната компонента на инвестициони активности во општина Гевгелија, стои во Завршната сметка за Буџетот на Општина Гевгелија за 2022 година.

- Единственото намалување на приходите во однос на 2021 година е од уредување на градежното земјиште, како одраз на економско-енергетската криза која негативно влијаеше врз работењето на стопанствениците и интересот за инвестирање. Меѓутоа, во текот на 2022 година, зголемени се даночните и неданочните приходи и на тој начин го покривме дефицитот на приходи заради намалените приходи од уредување на градежно земјиште, истакна градоначалникот на општина



Гевгелија, Андон Сарамандов, осврнувајќи се на структурата на приходите и расходите. Што се однесува до расходите споредбено со 2021 година, за плати и надоместоци, зголемувањето е поради усогласувањето на платите на вработените со минималната плата, а за стоки и услуги, поради покачените цени на електричната енергија и горивата. Тоа е и причина за намалување на капиталните расходи во однос на 2021 година, нагласи Сарамандов.

- Во 2022 година, се соочивме со повеќе предизвици како резултат на енергетско-економската криза, кои успеавме да ги совладаме со менаџирање и успешно подмирување на зголемените трошоци на Општина Гевгелија и ЈПКД „Комуналец“ за електрична енергија. Истовремено, и да ги реализираме планираните програмски активности и проекти за доброто на граѓаните. Затоа, сметам дека реализацијата на Основниот буџет во 2022 година, во вакви услови, е повеќе од успешна, со повеќе реализирани проекти од интерес на граѓаните, дел со сопствено учество, а дел со добиени средства од грантови. Станува збор за изградбата на атмосферската канализација, во должина од 6.500 метри во Гевгелија со грантот од KFW - банката, новиот цевковод за водоснабдување во Негорци, во завршна фаза е и изградбата на новиот цевководот во Прдејци, а веќе 65% е изградена и новата водоводна линија за Богородица. Изграден е и пуштен е во употреба Младинскиот дом во Прдејци, со грант од ТАВ и сопствено учество од околу 7.000.000 денари за внатрешното и надворешното уредување. Минатата година, беа обновени и неколку спортско - рекреативни терени, беше реконструирано кошаркарското игралиште „Иван Пенов“, а целосно реконструирано мултифункционалното игралиште кај ДТВ „Партизан“. Со сопствени средства е изградена улицата од Милци до граничниот премин „Богородица“, новопланирана улица во „Серменинско маало“, беа бетонирани и асфалтирани улици во повеќе населени места. Исто така, со сопствени средства започна изградбата на стационарот за бездомни животни и реконструкцијата на стариот објект на ЗИГ „Винојуг“ во Богородица. Верувам дека во 2023 година ќе дојде до стабилизација на кризата и нема да ги имаме истите проблеми како во 2022 година, а тоа ќе придонесе и за поголема реализација на Буџетот на Општина Гевгелија, истакна градоначалникот Андон Сарамандов пред советниците при усвојувањето на Завршната сметка на Буџетот на Општина Гевгелија за 2022 година.

# УСВОЕНИ ИЗВЕШТАИТЕ И НОВИТЕ БУЏЕТСКИ ПРОГРАМИ

Советот на Општина Гевгелија, на својата 23. седница, ги усвои Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Гевгелија за 2022 година, за периодот 01.01-31.12.2022 година. Исто така, членовите на Советот расправаа и ги усвоија Извештаите за реализација на двете најголеми буџетски Програми - за уредување на градежното земјиште и за изградба, реконструкција, одржување на општинските патишта и улици во општина Гевгелија во 2022 година, како и Извештаите за реализација на Програмите за активностите од социјалната заштита и заштитата на децата и еднаквите можности на жените и мажите. Со мнозинство гласови, беа усвоени четирите Програми за финансиска поддршка на проектите и активностите од областа на културата, спортот, активностите на Месните заедници и НВО-секторот од општина Гевгелија во 2023 година.

Од областа на урбанизмот, беа прифатени иницијативи од подносители за измени и дополнувања на ДУП за дел од Блок 14.1, а беше донесена и Одлука за ослободување од плаќање надоместок за уредување на градежно земјиште за градење на фотоволтаична централа во кругот на Прочистителна станица за отпадни



води кај Гевгелија. Советот на Општина Гевгелија даде согласност на Измените и дополнувањата на Годишниот план за вработување во ООУ „Крсте Мисирков“- Гевгелија за 2023 година и на Планот за запишување ученици во прва година средно образование во СОУ „Јосиф Јосифовски“- Гевгелија за учебната 2023/2024 година. Исто така, беа усвоени и Извештаите за работа на ЈОУ Дом на култура „Македонија“, Библиотека „Гоце Делчев“ и Работнички универзитет „Кирил и Методија“ за 2022 година и нивните Финансови и Годишни програми за работа во 2023 година.

# ЗГОЛЕМЕНИ ФИНАНСИСКИТЕ ПРИХОДИ НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА ОД СОПСТВЕНИ ИЗВОРИ

Општина Гевгелија, во изминатиот период, оствари резултати во зголемувањето на сопствените приходи, беше констатирано на средбата на градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов и претставници на општинската администрација со координаторите на Проектот на УСАИД за зајакнување на ресурсите, на која беа презентирани резултатите од парнерството во периодот од мај, 2021 година до декември, 2022 година. Имено, Општина Гевгелија оствари зголемена наплата на приходи од сопствени извори за над 18% и зголемена наплата на данокот на имот за 20,42%. Исто така, подготвен е извештај со препораки за подобрување на организациските капацитети за администрирање на локалните даноци, зголемен капацитетот на Одделението за локални даноци и такси за ажурирање на базата на податоци за данок на имот, зголемена информираноста на даночните обврзници за плаќањето на данокот на имот преку едукативната кампања: „Мој данок за мојата



општина“, објавена на веб-страницата на Општина Гевгелија. Покрај ова, усвоен е План за локален економски развој од Советот на Општина Гевгелија, подготвена е процедурата за поделба на должностите во процесот на трошење буџетски средства, подобрен е индексот на активна транспарентност на Општина Гевгелија во 2022 година (92,9 од можни 100) и високи 11 индексни поени за буџетска транспарентност за 2021/2022 година.

Сето ова се должи на преземените 23 активности, во рамките на проектот, обуки за општинската администрација, менторски средби и тематски настани, надградување на софтверот за данок на имот со дополнителни оперативни модули, подобрување на капацитети за подготовка на успешни апликации за проекти, унапредување на буџетското планирање и извршување и родово-одговорно буџетирање. Општина Гевгелија е една од 15. партнер-општини во првата група, која е вклучена во Пректот на УСАИД за зајакнување на капацитетите за искористување на ресурсите, кој има за цел да им помогне на единиците на локалните самоуправи да ги зголемат приходите од сопствени извори, да обезбедат поголемо надворешно финансирање, да ја зголемат стапката на реализација на буџетот и да го унапредат извршувањето на децентрализираните надлежности.

# ГРАДОНАЧАЛНИКОТ САРАМАНДОВ ВО ПОСЕТА НА ЈАБЛАНИЦА



Градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов, ја предводеше општинската делагација, која присуствуваше на прославата на Денот на ослободувањето на Јабланица, БиХ, - 22 февруари. По тој повод, беа одржани повеќе свечености, а Советот на Општина Јабланица одржа свечена седница, на која, во име на збратимените општини - гости на седницата, се обрати градоначалникот Сарамандов:

- Ми претставува огромна чест и задоволство што се наоѓам меѓу вас и заедно со граѓаните на збратимената Општина Јабланица го одбележуваме Денот на ослободувањето на Јабланица. Дозволете ми да ви упатам искрени честитки, во мое и во име на граѓаните на Општина Гевгелија и да ви посакам добро здравје, благосостојба и успех. Моја желба е Гевгелија и Јабланица да ја продолжат и унапредат соработката како збратимени општини. Веќе имаме успешна соработка на културен план, а со начелникот на општина Јабланица, Дамир Шабановиќ, се согласивме дека во иднина е потребно да ја прошириме соработката и на стопански план, бидејќи и Гевгелија и Јабланица со својата местоположба имаат туристички потенцијали за нови инвестициони проекти. Кога желбата за соработка и пријателство е заедничка, тогаш ваквата цел е остварлива, рече Андон Сарамандов.

За време на посетата на Јабланица, покрај присуството на бројните настани по повод Денот на ослободувањето на Јабланица, градоначалникот на општина Гевгелија Андон Сарамандов присуствуваше на средбата на претставниците на збратимените општини што ја организираше начелникот Дамир Шабановиќ. На средбата стана збор за можностите на натамошно унапредување на соработката.

**Протокол**

## ГРАДОНАЧАЛНИКОТ САРАМАНДОВ ОСТВАРИ СРЕДБА СО ГРЧКАТА АМБАСАДОРКА ФИЛИПИДУ



Градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов, оствари работна средба со грчката амбасадорка во државата, Н.Е. Софија Филипиду, заедно со претставници на Конзуларното претставништво. На средбата во Општина Гевгелија, се дискутираше за повеќе теми, соработката помеѓу двете земји и продлабочување на добрососедските односи, особено, преку реализација на проекти во рамките на ИПА-Програмата за прекугранична соработка со Република Грција, како и заедничкото аплицирање за средства од фондовите на Европската Унија.

Притоа, градоначалникот Сарамандов истакна дека секојдневното присуство на грчките граѓани во Гевгелија за локалната самоуправа е дополнителна мотивација за локалниот економски развој и развивањето туристички потенцијали, но и основа за развивање на меѓупријателските односи и остварување на заедничките цели за добробитот на двете земји.

# ПРОЕКТ ЗА РАЗВОЈ НА ЛОКАЛНИТЕ КАПАЦИТЕТИ

Општина Гевгелија и Здружението „Конект“, чиј партнери се Фондацијата „Аполонија“- Гевгелија, „Индиго“ и ЕВН, ќе го спроведуваат Проектот на УСАИД „Здружи се за заедницата“. Целта на проектот е да се создаваат одржливи системи и да се развиваат локалните капацитети на заедниците за планирање, финансирање и спроведување решенија со развојните предизвици и приоритети. Со спроведувањето на проектот, ќе се овозможи локалните актери да соработуваат, заедно да го водат локалниот развој и да ги мобилизираат ресурсите за развојните приоритети за подобра заедница. Во рамките на целите, тимот на „Конект“ ја презентираше мобилната апликација - платформа за граѓанско учество на локално ниво „Муни“ пред градоначалникот на општина Гевгелија и претставници на општинската администрација.



**За настраданите во катастрофалниот земјотрес во Турција и Сирија**

# ИСПРАТЕНА ПОМОШ ЗА НАСТРАДАНИТЕ НАСЕЛЕНИЕ ОД ЗЕМЈОТРЕСОТ ВО ТУРЦИЈА

Советот на Општина Гевгелија доденсе Одлука од Општинскиот буџет да бидат издвоени 200.000 денари финансиска помош за настраданите од катастрофалниот земјотрес во Турција и Сирија. Покрај оваа парична помош, Општина Гевгелија испрати екипа на спасувачи од четворица пожарникари од ТППЕ- Гевгелија, како дел од републичките сили за заштита и спасување во Турција. За таа цел, исто така, беа обезбедени буџетски средства за реализација на спасувачка мисија, која успешно беше завршена. Општина Гевгелија во соработка со ОО Црвен крст- Гевгелија отвори пунктови на градскиот плоштад за донирање пакети со храна и хигиенски средства, како и останати потребни материјални средства за помош на настраданите во Турција.

Граѓаните можеа да донираат добра, согласно доставената листа на потреби од страна на Турската Црвена полумесечина, на двата отворени пункта.



# ЧЕСТВУВАЊЕ ЗА САВА МИХАЈЛОВ



118-годишнината од смртта на народниот херој и борец, Сава Михајлов, беше одбележана во Гевгелија со полагање цвеќе пред спомен-обележјето во центарот на градот. Делегации од Општина Гевгелија, Сојузот на борците од Гевгелија, Здружението на пензиори од Гевгелија и на политичките партии се поклонија и положија цвеќе на споменикот на Сава Михајлов. Во пригодната реч, историчарот Миле Смилков зборуваше за животното дело, мисија и придонес во македонското револуционерно движење на Сава Михајлов. Посебно, нагласувајќи го неговото учителствувањето во Гевгелија, членство во ТМОРО, познатството со Гоце Делчев, учеството во грабнувањето на Мис Стон и учеството во Илинденското востание.

# ОБЈАВЕНА ПРОДАЖБА НА ГРАДЕЖНИ ПАРЦЕЛИ НА КАРАОРМАН



Општина Гевгелија ја објави продажбата на 5 градежни парцели за домување во станбени куќи, сопственост на РСМ. Градежните пар-цели за домување во станбени куќи се наоѓаат во станбената населба Караорман, на дел од КП 392/104, КО Гевгелија. Градежните парцели се со површина од 309 до 599 метри квадратни, а почетната цена по метар квадратен изнесува 61 денар.

Продажбата на петте парцели ќе се одвива по пат на електронско јавно наддавање (www.gradezno-zemjiste.mk), на 29 март, 2023 година, почнувајќи од 09:00 до 11:00 часот, во траење од 15 минути за секоја огласена парцела посебно. Заинтересираните правни и физички лица пријавите за учество на јавното наддавање треба да ги достават по електронски пат на следната интернет-страница: www.gradezno-zemjiste.mk, до 27.03.2023 година. Повеќе информации за целата постапка можат да се најдат на следниот линк: https://www.gevgelija.gov.mk/images/PDF/urbanisticki/Objava_01-2023.pdf

**На 44. Саем за туризам во Белград**

# ГЕВГЕЛИЈА ГИ ПРЕТСТАВИ СВОИТЕ ТУРИСТИЧКИ ПОТЕНЦИЈАЛИ




**- Пред српските туристи и посетителите од повеќе земји, Општина Гевгелија ги презентираше своите туристички потенцијали преку новата туристичка платформа, со богата туристичката понуда и нов туристичко-пропаганден материјал**

Општина Гевгелија, и годинава, учествуваше на 44. Меѓународен саем за туризам во Белград, Република Србија, кој се одржа од 23 до 26 февруари. На штандот во рамките на македонската презентација што ја организираше Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот, Општина Гевгелија ги презентираше сопствените туристички потенцијали. Покрај Општина Гевгелија, на овој престижен Саем за туризам свои штандови од Македонија имаа и Општините Дојран, Ресен, Крушево и Охрид. Инаку, на Белградскиот саем за туризам учествуваа 350 излагачи од 33 земји, меѓу кои и осум нови земји од африканскиот континент. На оваа репрезентативна туристичка смотра, која се одржува по 44. пат во српската метропола, континуирано беа присутни: Турција, Грција, Црна Гора, Тунис, Бугарија, Словенија, Босна и Херцеговина, Хрватска, Кипар, Македонија, минатогодишните учесници - островот Малдиви, Сао Томе и Принципе. За првпат, на овогодинешниот саем беа претставе-ни туристичките атракции, природните убавини и особености на: Алжир, Бурунди, Камерун, Брегот на Слоновата Коска, Габон, Екваторијална Гвинеја и Намибија.



Во рамките на саемските денови, македонските општини, меѓу кои и Гевгелија, ги прикажаа природните убавини, богатото културно наследство и гурманско искуство. Гевгелија годинава беше единствената општина, која се претстави со свое туристичко лого Gevgelija Spice up the journey. Како што е познато, Општина Гевгелија го утврди туристичкиот идентитет, заедно со чинителите во туристичката дејност, кој е основниот предуслов за поголема туристичка промоција на нашето поднебје и поголема искористеност на туристичките капацитети и потенцијали. Ова го нагласи Градоначалникот на општина Гевгелија при посетата на гевгелискиот штанд на 44. Саем на турзам во Белград.

На штандот беше презентиран голем дел од изработените промотивни материјали, како дел од туристичката платформа што ја утврди Општина Гевгелија. На бројните посетители им беа понудени: маици, флаери, брошури, сувенири, магнети, беџови и промотивни торби, како дел од понудата за овогодинешниот саем. Гостите пројавија голем интерес за Гевгелија и нејзините туристички погодности, особено, српските туристи, кои потврдија дека добро ја знаат Гевгелија, бидејќи секое лето оттука поминуваат, на пат за Грција. Притоа, се







интересираа за можностите за сместување и воопшто за другата туристичка понуда, нагласувајќи дека при престојот во Гевгелија ноќеваат ден-два, но задолжително ги посетуваат гевгелиските супер-маркети. Тука се снабдуваат со потребните прехранбени артикли и зеленчук, и тоа, не само на пат кон грчките летувалишта, туку и на враќање кон своите домови. Исто така, не го криеја и своето задоволство од храната и понудата на гевгелиските ресторани и кафеани.

Новата туристичка платформа на Општина Гевгелија, всушност, се потпира на туристичките погодности, пред се, на природните планински убавини и можности за рекреација, постојниот казинотуризам заедно со културните придружни манифестации, здравствениот туризам во подем, гастрономскиот туризам кој веќе е афирмиран, како на север, така и на југ од Гевгелија, но и се уште неискористениот потенцијал на културниот туризам. Токму за овие туристички потенцијали беа информирани посетителите на Саемот преку понудените брошури и флаери. Но, и преку директните средби што ги имаа претставниците на Општина Гевгелија на Саемот со голем број потенцијални и заинтересирани туристи.

Бенефитите од промовираната туристичка платформа на Општина Гевгелија под слоганот Gevgelija Spice up the journey допрва следуваат, бидејќи првиот чекор е веќе направен. За разлика од досега, Општина Гевгелија има јасно дефинирана, не само туристичка понуда, но и пропаганден материјал, кој треба да го привлече вниманието на туристите. А, според одзивот и пројавениот интерес на посетителите на Белградскиот саем на туризам, тоа е веќе направено. Особено, што гевгелискиот штанд на Саемот во Белград беше рамо до рамо со штандовите на бројните балкански, африкански и далечни туристички дестинации.

Во Гевгелија минатата година биле остварени 47.637 ноќевања, главно, странски туристи, поради што е еден од најпосетуваните градови во Македонија, со најмногу туристички ноќевања. Според податоците на Државниот завод за статистика во Гевгелија секој месец престојуваат по неколку илјади туристи, од кои повеќето се странски. Лани во јуни се евидентирани 3.276 странски туристи, кои реализирале 5.671 ноќевања. Во јули минатата година имало 4.827 странски туристи, кои ствариле 7.703 ноќевања од странски гости. Додека во август се регистрирани 2.608 странски посетители, а бројот на ноќевања е 5.125. Најголемиот број од нив се Грци, кои традиционално доаѓаат секојдневно, но, се поголем е бројот на српските туристи, кои на пат за Грција, во текот на летните месеци, задолжително остануваат во Гевгелија.



„Гевгелија е погранично место низ кое поминуваат голем број транзитни туристи. Целта на Локалната самоуправа е, заедно со туристичките чинители, да привлече што поголем број посетители. На оние кои застануваат, на својот пат кон и од Грција, треба да им се понудат можности да го продолжат својот престој. Не само да ноќеваат туку и да ги запознаат туристичките погодности на поднебјето. Затоа, и посебно внимание и труд, заедно со сите чинители во гевгелискиот туризам, посветивме на туристичкиот идентитет на Гевгелија. Бидејќи, со дефинираната туристичката платформа, всушност, ги утврдивме нашите натамошни активности. Промоцијата на туристичките потенцијали на вакви саемски манифестации е една од нашите приоритетни активности, истакна градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов.

**Венци Ристов, претседател на „Гевгелија точак клуб“**

# ГЕВГЕЛИЈА СЕ ПОВЕЌЕ ГО ЗГОЛЕМУВА БРОЈОТ НА ВЕЛОСИПЕДИСТИ

**- За само десет месеци, над стотина гевгеличани се зачленија во Клубот.**
**- Велосипедската патека наскоро ќе биде готова и отворена за граѓаните.**
**- Гевгелија на точак ја продолжува традицијата**



Во Гевгелија се вози велосипед од дамнина, бидејќи, нели е рамна како тепсија. Но, се до неодамна немаше велосипедски клуб, кој група ентузијасти го формираа „Гевгелија Точак Клуб“.

**Како се случи тоа?**

- Иницијативи за формирање на велосипедски клуб имаше одамна, но немаше кој да повлече и да го направи тоа. Иницијалната каписла за формирање на Клубот беше проектот „Гевгелија Вело Град“, каде што во проектните активности првично беше наведено и регистрирање на Вело Клуб. Со таа идеја не запозна Виктор Гавровски, на што одговорив дека без разлика дали проектот ќе биде одобрен или не, јас заедно со Никола Опров ќе започнеме процедура за регистрирање на велосипедски клуб. По неможноста оваа активност да биде вградена во проектот, започнавме со активности за регистрација и набрзо се формираше „Гевгелија Точак Клуб“.

**Колку членови има клубот, дали имате свои простории и кои се целите што сакате да ги остварите со овој клуб?**

- Основачи сме 9 души, а на основачкото Собрание беа присутни 24 лица, кои веднаш беа зачленети. Значи, стартувавме со само 24 члена, за да по 10 месеци имаме веќе 104 членови, од најмалечка до највозрасна категорија на велосипедисти. Извршниот одбор брои 7 члена, вклучително и претседателот, додека по специјалности имаме 9 координатори, од коишто повеќето не се членови на ИО. Просториите што ги добивме на користење од Општина Гевгелија, во објектот до Народниот театар, каде што беа сместени радиоаматерите, беа во многу лоша состојба, па, затоа деновиве сме во фаза на реновирање. Просториите и дворното место ќе ги оспособме за да можат членовте и симпатизерите да се дружат 24 часа дневно.

**Која е целта на Клубот?**

- Што се однесува до целите, ги имаме повеќе. Прво, сакаме да ја смениме свеста на нашите сограѓани за тоа дека во градот, којшто е распространет 2 на 2 километри, најдобро и најефикасно превозно средство е точакот. За таа цел, ќе имаме повеке едукативни и интересни акции во наредниот период. Второ, сакаме да извршме влијание на младите помалку време да седат на компјутер, мобилен телефон и други современи електронски уреди, а повеќе да спортуваат, со тоа што ќе бидеме најсреќни ако спортуваат заедно со членовте на ГТК. Трето, ќе организираме забавни спортски игри, во коишто главно средство за натпреварување ќе биде точакот. Главна целна група ќе ни бидат учениците од основните и средните школи. Четврто, ќе имаме кампањи на социјалните мрежи - Гевгелија да добие ден кога нема да се возат автомобили, туку градот ќе биде само за пешаци и точкаџии.



Во минатиот век, во Гевгелија се одржувале велосипедски трки, коишто биле масовно посетувани од граѓаните. Вашиот клуб, заедно со ChangeMakers4All ја обновија оваа традиција и организиравте масовно возење велосипед низ градските улици.

**Колку возења досега имате организирано и колку учесници учествуваа на нив?**

- „Гевгелија на точак“ е моја идеја и првата година ја реализиравме со ChangeMakers4All, втората и третата година, бројот на заинтересираните се прошири, но и на учесниците. Првата година имаше околу 200 учесника, втората година бројката беше дуплирана, а минатата година трката беше најмасовна и имаше некаде околу



900 учесника. „Гевгелија на точак“ е веќе традиционална и општо прифатена трка, така што ќе продолжи да се одржува во организација на Changemakers, но со партнерство на „Гевгелија точак клуб“.

**Проектот „Гевгелија Вело Град“, го спроведува АМД „Дичо Панов“ од Гевгелија, заедно со Општина Гевгелија и со вашиот клуб. Кои содржини и активности се предвидени со овој проект?**

- Проектот „Гевгелија Вело Град“ е фантастична работа која и се случила на Гевгелија. Иако, е проект од помал обем, бидејќи финансиските средства се околу 20.000 евра, очекувам во наредните неколку месеци да биде многу актуелен. Планирани се повеќе работилници, на коишто ќе се дебатира за велосипедизам. Патеката од близу 5 километри, која е дел од овој проект и на која ќе биде организиран натпреварот „Велотон“, е веќе направена. Наскоро, очекуваме да бидат поставени и справите, на коишто ќе се вежба. Значајно е што, покрај натпреварот, патеката ќе остане во сопственост на градот и по натпреварот.

**Неодамна бевте посетени од претседателот на Велосипедската федерација на Македонија, Сашо Димитријоски. Како Клубот ќе се вклучи во Календарот на велосипедските настани во 2023 година.**

- Со претседателот на Велосипедската федерација имавме кратка, но плодна средба, на којашто на негова иницијатива разговаравме за организирање на МТБ натпревар на Кожуф. Стартот на овој Меѓународен натпревар би бил во Серменин. Велосипедската федерација ќе обезбеди техника, човечки ресурси и очекувањата на претседателот се дека околу 200 натпреварувачи од неколку земји би биле присутни на натпреварот. На состанокот беше присутен и градоначалникот Сарамандов, којшто вети дека се што е потребно, ќе биде поддржано од негова страна за да се одржи овој меѓународен велосипедски натпревар.

**Чест гостин во Гевгелија е амбасадорот на Словачка во нашата земја, неговата екселенција Хенрик Маркуш, како дојде до запознавањето со него?**

- Со амбасадорот на Словачка приказната е многу интересна. Во месец јули, ланската година, близу Ски-центарот „Кожуф“, тој се среќава со тројца жители на Гевгелија, од кои едниот по националност е Албанец, другиот Србин, а третиот Ром. Со нив поминува неколку саати на Кожуф Планина. Му било интересно што неговите соговорници другарувале и функционирале перфектно и дека немало никакви проблеми поради нивната национална припадност. Едниот од нив му кажал дека негови пријатели пред извесно време формирале точкаџиски клуб во Гевгелија, тогаш амбасадорот се претставил и пројавил интерес за Клубот. Уште истата вечер, бев информиран и ја добив визит картата од амбасадорот, а веќе утредента му испратив писмо. Така започнавме да комуницираме, а потоа и да се дружиме, еден викенд тој и целата негова фамилија беа наши гости.




**До каде е изградбата на велосипедската патека која води до Негорските Бањи и од кога ќе можат гевгеличани да ја користат?**

- Велосипедската патека е од отворен тип и гевгеличани можат во секое време да ја користат, дури и пред натпреварот, којшто ќе се одржи таму. Патеката е идеална и за пешаци, но и за точкаџии и верувме дека ќе биде многу популарна за рекреирање. Тоа значи дека Гевгелија е на добар пат да прерасне во „Вело Град“, што е уште поважно, градот ќе добие услови за оваа значајна рекреативна активност. И со право Гевгелија ќе биде највелосипедскиот град во земјата.

**Љубчо Алексовски**

# ПРОДОЛЖУВААТ ИНВЕСТИЦИИТЕ ВО ПАТНАТА ИНФРАСТРУКТУРА

**- Минатата година за изградба и реконструкција на општински патишта и улици, како и за бетонирање на помали улици и краци, беа вложени скоро 23,5 милиони денари**

Во Општина Гевгелија, во текот на 2022 година извршено е значително проширување и подобрување на патната инфраструктура. Изградени се, реконструирани и бетонирани повеќе улици во Гевгелија и во



населените места, во вкупна површина од 16.523 м$^2$. За таа цел од Општинскиот буџет за изградба и реконструкција на општински патишта и улици и за бетонирање на помали улици и краци беа вложени 23.428.949 денари. Скоро половината од овие средства беа наменети за изградба на нови улици во Гевгелија, улицата „Аргир Манасиев", новата улица во стопанската зона „Блокотехна" и улицата во УБ 10. Исто така, нови улици се изградени во Миравци и Давидово. Додека во тек на изградба се улицата „Александар Бел" на Мрзенски Рид, каде што е поставен горниот слој, како и првата фаза од сервисната улица во Милци за поврзување на Гевгелија со граничниот премин „Богородица".

Минатата година, обновен е асфалтот на улична површина од 5.613 м$^2$, и тоа, на улиците во Гевгелија, Давидово, Миравци и Милетково. Исто така, беше извршено и бетонирање на помали улици и краци во Гевгелија, Моин, Богородица, Негорци, Миравци, Петрово и Смоквица, на вкупна површина од 8.133 м$^2$. Во текот на минатата година, извршена е изградба и реконструкција на тротоари и патеки со вкупна површина од 1.327 м$^2$. Покрај тековното одржување на локалните патишта, извршено е проширување на кружниот тек во Негорци, проширување на просторот пред Младинскиот дом во Прдејци и изведбени работи во Миравци. Додека пак, за сообраќајна сигнализација беа издвоени 700.000 денари, кои средства беа наменети за машинско обележување со хоризонтална сигнализација на 8.800 м$^2$ улична површина. Исто така, беа набавени и сообраќајни знаци, патокази и табли со имиња на улици и улични броеви.

## БЕТОНИРАНИ УЛИЦИ И КРАЦИ ВО МИРАВЦИ И ПЕТРОВО



Во Миравци и Петрово, бетонирани се нови улици и улични краци, кои значително ќе го подобрат сообраќајното движење на граѓаните во овие населени места. Според градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов, изградбата на овие улици е од витално значење, бидејќи со години наназад, заради тешката пристапност на механизацијата беа неизградени, а тоа го отежнуваше сообраќајот во Миравци и Петрово. Решавањето на долгогодишните проблеми во сите населени места е приоритет, истакна Сарамандов при увидот на изведбените работи, најавувајќи дека во претстојниот период Општина Гевгелија ќе продолжи со подобрувањето на патната инфраструктура и во останатите населени места согласно донесената Програмата за изградба, реконструкција и рехабилитација на општинските патишта и улици за 2023 година.

# НОВО СООБРАЌАЈНО ПОВРЗУВАЊЕ НА ГЕВГЕЛИЈА СО АВТОПАТОТ Е-75

Во тек се подготовките за изградба на новопланираната улица од хотел „Сенатор" до автопатот Е-75, со што, по реализацијата на овој капитален проект, Гевгелија ќе добие уште еден приклучок до автопатот поврзувајќи ги улиците „Вардарски Рид" крај мотел „Вардар" со веќе изградената улица крај „Милци" и автопатот Е-75. Со проектот се предвидува изведба на долен строј, целосно асфалтирање и изградба на нов кружен тек на делницата со автопатот и улицата крај „Милци". Како што најави градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов, на последната седница на Советот на Општина Гевгелија, изградбата на оваа улица ќе биде со



сопствени средства. Според него, овој капитален проект има значајна улога во целокупниот развој на градот, покрај новото сообраќајно решение, ќе придонесе и за развој на стопанските субјекти во Гевгелија.

# СТАРАТА ДИВА ДЕПОНИЈА СЕ УРЕДУВА ВО ЗЕЛЕНА ПОВРШИНА

Долгогодишните проблеми што ги предизвикуваше старата дива депонија крај Сува Река веќе е минато. Со проектот за ревитализација на оваа депонија изграден е уште еден потпорен ѕид од северната страна на Сува Река, резервоар за собирање на исцедокот од отпадот и покривање на отпадот со геотекстилна мембрана и речна песок. Во завршната фаза, целата површина од депонијата ќе биде засадена со трева, а просторот ќе биде хортикултурно уреден и претворен во зелена површина. Тоа значи дека целосно е надминат проблемот со загадувањето што го предизвикуваше дивата депонија, особено, запалувањето во летните месеци. Особено, што по затворањето на дивата депонија, целиот комунален отпад се депонира во новата Времена депонија кај Ново Конско.

Целиот проект беше реализиран со средства од грчкиот грант, односно, неискористените 420.000 евра доделени од Грчката влада, за изградба на Прочистителната станица кај Сува Река, согласно потпишаниот трилатерален договор меѓу Швајцарската, Грчката и Македонската влада. За целосно искористување на грчкиот грант беше



потпишан договор меѓу Швајцарската агенција за развој и Грчката амбасада во Скопје, по што од страна на Министерството за животна средина беше распишан меѓународен тендер и по изборот на изведувач извршена ревитализација на дивата депонија кај Сува Река.

# ВО ЗАВРШНА ФАЗА ВОДОВОДНАТА ЛИНИЈА ДО БОГОРОДИЦА

Започна изградбата на нова водоводна линија во Богородица за обезбедување квалитетно водоснабдување во ова населено место. Со проектот е предвидена изградба на нов цевковод во должина од 2.700 метри и санација на дел од постоечката линија, која минува под Мостот на реката Вардар. Поради дотраеноста на стариот цевковод имаше чести прекини во водонасбдувањето на ова населено место и граничниот премин „Богородица“.

- Со изградбата на новата водоводна и санација на постоечката линија ќе се решат долгодишните проблеми на жителите во Богородица, обезбедувајќи им квалитетно водоснабдување и зголемен капацитет на вода за пиење, истакна градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов, при увидот на изведбените работи за изградба на водоводна линија на потегот Гевгелија- Богородица.



# ЗГОЛЕМЕНА ЕФИКАСНОСТ НА СИСТЕМ 48




Минатата година, преку Систем 48 до Општина Гевгелија пристигнале вкупно 292 барања од граѓани на општина Гевгелија. Од нив, 236 се решени, 34 се одложени, а 22 се во фаза на постапување. Најголемиот број на барања се однесуваат за интеревенции во уличното осветлување 148, од кои 136 се решени. 76 барања биле од делокругот на работењето на ЈПКД „Комуналец“, а од нив 68 се решени, 36 барања за надзор од општинските инспектори, од кои 30 биле решени, додека 32 за интервенции во патната инфраструктура, од кои решени се само 2, во надлежност на Општина Гевгелија.

Инаку, Систем 48 е една од алатките во Општина Гевгелија, со која на граѓаните им се овозможува телефонски или по електронски пат да ги пријавуваат проблемите, за кои е надлежна Општината. Поточно, по пријавеното барање, надлежните општински служби и ЈПКД „Комуналец“ пристапуваат кон решавање на барањето и доставуваат одговор за преземените мерки во рок од 48 часа. Доколку пријавениот проблем не е во надлежност на локалната самоуправа, ги упатуваат граѓаните до надлежните државни органи и институции за негово решавање.

# ПОДНЕСЕНИ И ОДГОВОРЕНИ 20 БАРАЊА ЗА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Во текот на 2022 година, до Општина Гевгелија пристигнале 20 барања за слободен пристап до информации од јавен карактер. Според Годишниот извештај за посредување со информации од јавен карактер за 2022 година, барањата биле поднесени од 8 физички и 10 правни лица. Најголемиот број од барањата се однесуваат за структурата на вработени во општинската администрација (податоци за раководни лица, образование, статистички податоци по пол, националност, плати и контакт- податоци) и информации за младинските политики и учество на младите во општествениот живот. На сите 20 барања, општинските служби одговориле позитивно





# РОДОВО-СЕНЗИТИВНИ ПРАКТИКИ ЗАСТАПЕНИ ВО ОПШТИНСКИТЕ ПРОГРАМИ

Во рамки на проектот„Женски леќи“, чиј имплементатор е Рурална коалиција- Кичево, а во организација на подгрантистот РЦОР- Гевгелија, во Општина Гевгелија беше одржана јавна дебата на тема „Улогата на граѓанскиот сектор во воведување родово-сензитивни процедури и практики при подготовка на општинските програми“. На дебатата учествуваа претставници на Рурална коалиција, на РЦОР- Гевгелија, на општинската администрација и Комисијата за еднакви можности при Советот на Општина Гевгелија, на ЈУМЦСР- Гевгелија и на невладиниот сектор. Општина Гевгелија спроведува низа активности, согласно Програмата за активностите на Општина Гевгелија во областа на еднаквите можности на жените и мажите за 2023 година, со буџет од 250.000 денари, за чија подготовка беше спроведена обука за општинската администрација и членовите на КЕМ, со експертска поддршка од „Ехо“- Штип, добиена во рамки на проектот: „Низ женски леки“.

Општина Гевгелија, исто така, веќе има воведено родова компонента и во Програмите за 2023 година за финансирање на спортските активности, финансирање проекти и проекти од областа на културата, активностите од областа на социјалната заштита и работата на Локалниот младински совет. Како и во подготвени Извештаи со родово-разделена статистика за реализација на активностите од Програмите во областите на ЕМЖМ и



социјалната заштита и заштита на децата за 2022 година, кои беа усвоени од страна на Советот на Општина Гевгелија. Во расправата беа нагласени семејното воспитание и едукацијата за родовата еднаквост уште во раната возраст, посебно за родово-базирано и семејно насилство, потребата од ресоцијализација на жртвите на родово-базирано и семејно насилство, охрабрување на девојките и жените да учат и аплицираат за секоја позиција за која сметаат дека се најдобри, а тоа да не биде заради квантитативно задоволување на одредени стандарди, туку спонтано преку едукацијата и еманципација на населението. Притоа, беше укажано на малобројниот процент на жените застапени во занаетчиството и претприемништвото, но и застапеноста во локалните тела.

# КОНТИНУИРАНИ МЕРКИ ЗА ПОМОШ НА СОЦИЈАЛНО-РАНЛИВИТЕ КАТЕГОРИИ НА ГРАЃАНИ

И претходната година, Општина Гевгелија презеде повеќе мерки и активности за надминување на социјалните проблеми на ранливите категории на граѓани. Според Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Гевгелија во областа на социјалната заштита и заштита на децата за 2022 година, од Буџетот на Општина Гевгелија за социјално-ранливите категории граѓани беа издвоени 3.153.848 денари. Најголемиот дел од овие средства - 1.110.000 денари се исплатени за еднократна парична помош за 168 новороденчиња, за еднократна парична помош на 133 жители на општина Гевгелија се исплатени 594.000 денари, како и за обезбедување превоз на 11 лица со попреченост од општина Гевгелија кои го посетуваат Дневниот центар за лица со попреченост во Гевгелија.

Покрај овие мерки, Општина Гевгелија издвои средства за субвенционирање на потрошувачката на вода за пиење на 25 корисника, со 72.748 денари, стипендии на 5 студентки, запишани во прва година на Медицинските факултети, во вкупен износ од 300.000 денари. Преку



минатогодишата Програма за активностите во областа на социјалната заштита и заштита на децата, Општина Гевгелија воведе нова, бесплатна услуга за превентивни активности, едукација и третирање проблеми во вербалната комуникација на деца, во ЈОУ Работнички универзитет „Кирил и Методија"- Гевгелија. Ваквата услуга ја користеле 42 дечиња од општина Гевгелија.

**Преку проектот: „Идеас" на ФЛОРИТ**

# СТАРТУВА ПРОЕКТОТ ЗА ПАМЕТНО ЗЕМЈОДЕЛСТВО НА ФЛОРИТ



Фондацијата за локален развој и информатичка технологија во Гевгелија, продолжува со реализацијата на проектот: „ИДЕАС", односно „Иновации, развој и вработување во земјоделско - прехранбениот сектор". Проектот се имплементира во рамки на Програмата за прекугранична соработка со Грција за периодот 2014-2020. ФЛОРИТ- Гевгелија е водечки партнер, а останатите партнери се American farm school од Солун и Мрежата за рурален развој на РСМ. Главна цел на проектот е идентификување и поддршка на нови деловни активности во земјоделско - прехранбениот сектор кои имаат иновативен потенцијал и кои можат да станат мултипликатори на компаративните предности на регионот.

Годинава, во рамките на проектот ќе биде поставена нова метеоролошка станица во функција на обезбедување податоци за воведување на иновации во земјоделството, како и 29 модули со интегрирани сензори за мерење на температура и влажност на воздух, атмосферски притисок, температура и влажност на почвата. Сите овие податоци од мерењата ќе бидат достапни преку т.н. dashboard (електронски приказ на податоци), а ќе биде организиран и посебна обука. Покрај тоа, ќе бидат организирани и обуки за воведување на добра земјоделска пракса, за безбедност на храна, за системи со управување со HACCP и ISO 22000, како и за обуки за стратешки менаџмент, финансиски менаџмент, управување со ресурси и инвентар, мониторинг, аналитика, известување од аспект на проекти од областа на земјоделството, агротуризам, рурален развој.

Всушност, и целта на проектот е да се обучат нови кадри кои ќе можат да ги користат алатките на т.н. паметно земјоделство. Со добра анализа на сите податоци, може да се следи потребата за обработливоста на почвата со следење на влажноста низ целото поле. Можат да се оптимизираат трошоците за наводнување, за ѓубрење и обработка на почвата, но и да се спречат штетите од мразот на овошните насади со следење на микроклимата на неколку локации и со користење на алгоритми за предвидување. Дополнително, во рамки на проектот е предвиден повик на кој ќе можат да се јават млади лица со иновативни идеи за започнување или развивање на агробизнис. По направената проценка и евалуација на проектните идеи, најдобрите 5 ќе бидат подржани со менторство, обука и обезбедување опрема за реализација на проектните идеи.

# 3.600.000 ДЕНАРИ ЗА ПОДДРШКА И РАЗВОЈ НА КУЛТУРАТА



Општина Гевгелија и годинава преку Програмата за финансирање на активностите од областа на културата за 2023 година ќе ги поддржи културните манифестации и активности за збогатување на културниот живот во Општината. За таа цел, од Општинскиот буџет ќе бидат издвоени 3,6 милиони денари. Имено, од вкупно 36 апликанти пријавени на Конкурсот за финансирање на активностите од областа на културата, годинава, 35 физички и правни лица ќе добијат средства од Општинскиот буџет во износ од 2.450.000 денари за реализација на активности и манифестации од областа на културата. Преку Програмата за финансирање на активностите од областа на културата за 2023 година, која Советот на Општина Гевгелија ја усвои на својата 23. седница, покрај одобрената финансиска поддршка за самостојните проекти и други културни манифестации, издвоени се и 1.150.000 денари за одбележување на Патрониот празник на општина Гевгелија, Спасовден и Општинскиот празник - 7 Ноември, како и за други културни активности кои не се опфатени во Програмата.

Општина Гевгелија ќе ги поддржи програмските активности на трите Јавни општински установи- Домот на културата „Македонија", Библиотеката „Гоце Делчев" и Пионерскиот дом „Јосип Броз Тито" за реализација на проекти и манифестации од различни области на уметноста. Во организација на овие установи, годинава, ќе бидат одржани повеќе литературни манифестации, театарски претстави во сопствена продукција и гостувања на професионални театри, како и други културно-уметнички манифестации. Исто така, во 2023 година ќе бидат поддржани и традиционалните културни манифестации „За тебе љубов моја", „Смоквијада", „Гевгелиско културно лето", „Фолклорен ѓердан", како и концертите на четирите фолклорни ансамбли и културно-уметнички друштва од општина Гевгелија. Преку Програмата за финансирање на проектите и програмите од областа на Гевгелија за 2023 година, финансиска поддршка ќе добијат и физички лица кои со своите активности ќе придонесат за развојот на културата во општина Гевгелија.

# ПАТРОНИОТ ПРАЗНИК НА БИБЛИОТЕКАТА ОДБЕЛЕЖАН СО ЛИТЕРАТУРНО ЧИТАЊЕ

ЈОУ Библиотека „Гоце Делчев" во Гевгелија го одбележа Патрониот празник- 151 година од раѓањето на македонскиот револуционер, Гоце Делчев, со читање на литературни творби од страна на ученици од СОУ „Јосиф Јосифовски" во Гевгелија. Литературното читање беше одржано под менторство на професорките по македонски јазик и литература Жаклина Атанасова, Бисерка Макревска, Тања Чугунцалиева и Славица Маркова.

На настанот беа прогласени и читателите на Библиотеката со најголем број прочитани наслови во 2022 година, а тоа се Македонка Ризова, Иринка Тошева и Лефтерка Петкова. Директорот на ЈОУ Библиотека „Гоце Делчев", Стефан Марковски на најактивните читатели им додели пофалниците, како и Благодарници на учениците и нивните менторки за учество на литературното читање.



**На 19 и 20 мај во Народниот театар во Гевгелија**

# „КАЛИНКА 2023“ ПОВТОРНО ЌЕ ЗАПЕЕ




По неколкугодишна пауза, во Гевгелија, од оваа година се возобновува Интернационалниот детски музички фестивал „Калинка“, еден препознатлив гевгелиски музички бренд. По тој повод, на прес конференција за организацијата и активностите околу одвивањето на Фестивалот зборуваа градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов, уметничкиот директор Александар Стојанов и директорката на Дом на култура „Македонија“, м-р Мирјана Крстева Массети. Притоа, најавија дека на возообновениот детски музички фестивал, во месец мај, во Народниот театар во Гевгелија, ќе продефилираат дваесеттина млади пеачи од земјата и странство.

- Со огромна чест и задоволство ја поддржав иницијативата, како и сите натамошни активности за возобновувањето на овој детски фестивал, бидејќи тоа не само што го бараа граѓаните на општина Гевгелија, туку и поради фактот што Гевгелија и „Калинка“ имаат богата традиција. Првиот фестивал се одржа во 1992 година и во текот на изминатите години испиша богата музичка историја со над 500 исполнети детски песни. „Калинка“ стана своевиден гевгелиски музички бренд, познат не само



на домашната туку и на меѓународната јавност, истакна градоначалникот Андон Сарамандов, посакувајќи им на организаторите успешен фестивал и што поуспешна презентација на Општина Гевгелија преку вакви и слични културни настани. Имено, Советот на Општина Гевгелија, на предлог на Градоначалникот на општината, во рамките на Програмата за финансиска поддршка на културни проекти и манифестации во 2023 година, додели 500.000 денари за возобнување на Детскиот музички фестивал „Калинка“.

Уметничкиот директор на фестивалот, Александар Стојанов, најави дека на аудицијата за „Калинка 2023“ се пријавиле 120 деца од 3 до 12 години, како солисти и членови на детскиот хор. На фестивалот ќе бидат изведени 20 новокомпонирани детски песни од гевгелиски автори, но и автори кои дале белег на фестивалот во минатото, како: Томислав Таневски, Кристијан Габровски, Нада Ристова, Ристо Самарџиев и други. Фестивалот ќе се одржи на 19 и 20 мај, а предвидена е и голема денска забава на плоштадот во Гевгелија , на 21 мај, со почеток од 12 часот.

**Дом на култура „Македонија“**

# УСПЕШНА КУЛТУРНА ГОДИНА

Домот на културата „Македонија“ во Гевгелија, минатата година ја заокружи со бројни културни активности и манифестации. Оваа културна институција, која е формирана во 2004 година, покрај традиционалните манифестации, како што се „Распеана чаршија“, „Гевгелиско културно лето“, „Мојот шарен детски свет“, ги донесе во Гевгелија и современите текови во областа на културата и уметноста. Станува збор за настани кои значително го збогатија културниот живот во Гевгелија, а некои од нив, како што беа Концертот на квартетот флејтисти „Аулос“, Концертот на групата Schlitz, балетската претстава „Ла, ла, ла“ или пак гостувањето на НОБ со „Болеро“ и „Оперскиот концерт“, ќе останат трајно запаметени.

Но, значајно е што Домот на културата ни презентираше и некои нови содржини - сопствена драмска продукција, но и Драмското студио за деца, во кое членуваат бројни членови. Школата за гитара, која забележа исклучителни успеси, Ликовна работилница, која ги афирмира младите ликовни уметници и Литературен клуб, кој го посетуваат талентирани идни вљубеници



во пишаниот збор. Тука е и Етнокореолошкиот сектор, формиран 2019, кој минатата година беше носител на неколку интересни проекти, перформанси и изложби за афирмација на традиционалната култура во Македонија. Слободно можеше да се каже дека Гевгелија минатата година имаше богата театарска сезона, со гостување на најпознатите професионални театри во земјата, аматерски театри и актери. Но, враќањето на филмските проекции во Народниот театар во Гевгелија ги потсети гевгеличани на некогаш омиленото кино „Култура“.

Јавна дебата на Локалниот младински совет

# ЗАСТАПУВАЊЕ НА МЛАДИНСКИТЕ ИНТЕРЕСИ

Локалниот младински совет започна со активности за афирмација на младинското тело на Општина Гевгелија и зајакнување на соработка со младите од општина Гевгелија, со цел застапување на интересите и реализирање активности согласно нивните предлози, иницијативи и идеи. Во Малата сала на Народниот театар, Локалниот младински совет одржа дебата на тема: „За сите млади кои имаат идеја“ со ученици од СОУ „Јосиф Јосифовски“- Гевгелија и основните училишта во Гевгелија. Пред аудиториумот членовите на ЛМС и службеникот за млади се претставија и ги презентираа надлежностите на младинското тело и усвоената Програма за работа во 2023 година. Исто така, низ дискусија беа идентификувани и потребите на младите од општина Гевгелија кои ќе бидат земени предвид при изработката на Стратегијата за млади на Општина Гевгелија и акциониот план за реализација на активности од значење за младите во области на спортот, културата, неформалната едукација, заштита на животната средина.



Инаку, по усвојувањето на Програмата за работа на ЛМС на Општина Гевгелија во 2023 година, членовите на Локалниот младински совет оствари работна средба со градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов. На средбата, стана збор за извршување на буџетот предвиден за реализација на активностите во Програмата за работа, со кои ќе се придонесе за подобрување на статусот на младите во општина Гевгелија. Првенствено, за афирмација на Локалниот младински совет преку отворање на Канцеларија за млади, со која на членовите ќе им се овозможат услови за непречено работење и координирање, спроведување и следење на сите прашања кои се од интерес на младите во делокругот на надлежностите на Општина Гевгелија.

## ДЕВЕТ СТУДЕНТИ КОРИСНИЦИ НА ОПШТИНСКА СТИПЕНДИЈА

Општина Гевгелија додели 5 стипендии за студентите запишани во прва година на Медицинските факултети и 4 стипендии за студентите запишани во прва година на Машинските и Електротехничките факултети во државата за академската 2022/2023 година. Согласно Одлуката на Комисијата за образование, култура и спорт, која беше задолжена за спроведување на Конкурсот, Сара Китановска, Тамара Филипова, Зорица Андонова, Вања Несторов Андријевиќ и Теодор Узунчев се петте добитници на општинска стипендија за студенти запишани на Медицинските факултети. Додека




Георге Демерџиев, Драган Икономов, Мартин Гоцевски и Драган Стојанов се четирите добитници на општинска стипендија за студенти запишани на Машинските и Електротехничките факултети во државата. Висината на стипендијата изнесува 6.000 денари за 10 месеци во академската година, а исплатата ќе се изврши врз основа на склучен договор.

# УШТЕ ЕДНА МЕТЕОРОЛОШКА КУЌИЧКА ЗА СОУ „ЈОСИФ ЈОСИФОВСКИ“

СОУ „Јосиф Јосифовски“ во Гевгелија е добитник на донација од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање, која се состои од метеоролошка дрвена куќичка со столб за монтажа и лабараториска стаклена чаша. Ова е втората по ред метеоролошка куќичка со потребните инструменти, која СОУ „Јосиф Јосифовски“ ја добива, а со која на учениците им се овозможува да вршат секојдневни мерења на моменталната температура на воздухот, минималната и максималната температура во текот на едно деноќие, влажноста на воздухот, атмосферскиот притисок и врнежите.

Преку директните мерења и внесувањето податоци во GLOBE - серверот, учениците во СОУ „Јосиф Јосифовски“ заедно со други ученици и научници од целиот свет, ја дополнуваат сликата за животната средина на земјината топка. Освен наведените мерења, се планирани и мерења од областите Вода, Фенологија и Глобе ноќе, а активностите ќе се одвиваат во рамките на GLOBE Програмата на Министерството за животна средина и просторно планирање, преку Македонскиот информативен центар за животна средина, а во соработка со Мировниот корпус во Северна Македонија и Министерството за образование и наука.



# ООУ „КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ И СОУ „ЈОСИФ ЈОСИФОВСКИ“ ДОБИТНИЦИ НА ГРАНТ ЗА МИО АКТИВНОСТИ

ООУ „Климент Охридски“ од Миравци и СОУ „Јосиф Јосифовски“ од Гевгелија се добитници на грант од Министертвото за образование и наука за реализација на активности кои придонесуваат за развој на унапредување на мултикултурализмот, меѓуетничката интеграција и толеранција во основните и средните училишта. ООУ „Климент Охридски“ во партнерство во ООУ „Атанас Нивичански“од Василево и СОУ „Јосиф Јосифовски“ во партнерство со СЕПУГС „Арсени Јовков“ од Скопје, каде наставата се изведува на македонски и албански јазик, во текот на учебната 2022/2023 година ќе го реализираат добиените грантови во висина од по 30.000 денари преку активности за одржлива меѓуетничка интеграција. Основната цел на овие грантови е промовирање на добрите практики за активности, преку негувањето хармонични односи, темелени на почитување на разликите.





# ЗГОЛЕМЕН ИНТЕРЕСОТ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ ВО СРЕДНО СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ

Во Средноучилишниот центар во Гевгелија беше одржана работилница на тема: „Социјален дијалог за упис во средното образование на општинско ниво“, во организација на Општина Гевгелија и СОУ „Јосиф Јосифовски“. На работилницата присуствуваа претставници и раководители од локални компании, директори на основните училишта, претседатели на стручните активи и координаторот за практична настава во СОУ „Јосиф Јосифовски“, како и претставници на општинската администрација.

Директорката на СОУ „Јосиф Јосифовски“, Марија Танева, во воведното обраќање ја искажа својата благодарност за придонесот на бизнис-заедницата во креирањето на образовни политики, согласно потребите на пазарот на трудот во општина Гевгелија. Притоа, ги презентираше податоците за бројот на запишани ученици во струките, според кои интересот на учениците за средно стручно образование расте по воведувањето на дуалниот модел на стручно образование и учење низ пракса во СОУ „Јосиф Јосифовски“, во соработка со локалните компании. Во отворената расправа за унапредување на стручното образование, согласно потребите на пазарот на трудот во Гевгелија, од страна на претставниците на бизнис-секторот беше укажана потребата за воведување на електротехничка струка.



# ОПРЕМЕНА ПРОСТОРИЈА ЗА ПОДДРШКА НА ДЕЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ ВО ООУ „КРСТЕ МИСИРКОВ“

Во ООУ „Крсте Мисирков“ во Гевгелија е опремена просторија со сензорни елементи и дидактички материјали, со чија помош соработниците и наставници од ова училиште ќе можат да обезбедат дополнителна образовна поддршка за учениците со и без попреченост. Гевгели-ското основно училиште, во рамки на проектот „Биди ИН, биди ИНклузивен, биди ИНклудиран“, финансиран од Европската Унија, е едно од 40 училишта - грантисти кое доби поддршка за подобрување на пристапноста и средината за учење за учениците со попреченост. Проектот има за цел подобрување на можностите за образование на децата со попреченост и придонесува кон развитокот на инклузивен несегрегиран потсистем на основно образование, кој е отворен за сите и обезбедува висококвалитетна настава и осмислени можности за учење на сите ученици со попреченост и на тој начин ја зајакнува нивната социјална и образовна инклузија.



# УЧЕНИЦИТЕ ОД ООУ „В.КАНТАРЏИЕВ“ СЕ ОБУЧУВАА КАКО ДА ПОСТАПАТ ПРИ ЗЕМЈОТРЕС

Во рамки на Кампањата за заштита од природни непогоди на Дирекцијата за заштита и спасување, во ООУ „Владо Кантарџиев“ беше спроведена работилница за основните насоки и препораки во случај на земјотрес. Едукативната работилница беше наменета за учениците од IV до IX одделение, а преку видеосимулација и презентација учениците се запознаа со мерките и насоките за заштита и спасување при земјотрес. Притоа, беа поделени флаери и семејни прирачници за подигање на свеста кај учениците за справувањето со елементарна непогода од секаков вид. Работилницата се организираше во соработка помеѓу Дирекцијата за заштита и спасување и Подрачното одделение во Гевгелија со Општина Гевгелија.



# МЛАДИТЕ ИМААТ ВИЗИЈА

Општина Гевгелија формираше Локален младински совет согласно Законот за младинско учество и младински политики, на локално ниво. Во него партиципираат 5 млади и надежни граѓани од Општина Гевгелија на различна возраст, од различни младински организации кои работат со млади, чија примарна цел е подобрување на статусот на младите на локално ниво преку преземање конкретни мерки и активности во соработка со Општина Гевгелија и граѓанскиот сектор.

**Кристијан Алчинов**
**(претседател на Локалниот младински совет на Општина Гевгелија)**

## ПОДОБРИ УСЛОВИ ЗА МЛАДИТЕ ПРЕТПРИЕМАЧИ




Мојата визија за Локалниот младински совет е да прерасне во широко општинско тело кое ќе ги вмрежи сите млади, ќе создаде услови за целокупна едукација и прогрес на младите со што мојот придонес е споделување на искуствата, вештините и принципите на деловен и социјален план. Целта на Локалниот Младински Совет ќе биде да се воспостават темелите и основните принципи на работа и делување, во време на дигитализација и промена на пристапот кон работата. Координацијата и организацијата на Локалниот младински совет, како и генерално, принципите за однесување на младите, се клучни за развивање и позитивно градење на младиот човек во општеството со доза на ентузијазам и претпазливост.

Модернизацијата на човековото секоедневие, го олеснува животот, но од друга страна носи и предизвици, закани и претопување во виртуелниот свет, со што човековиот идентитет и активност се далеку повеќе сензитивни и подложни на промени. Човековите права се на пиедестал, родовата еднаквост и работоспособната компетентност се приоритетни во заложбите и борбата за квалитетен и достоен живот. Главен акцент би ставил на создавање на услови со што на младиот претприемач ќе му бидат овозможени сите неопходни советодавни услуги за почеток и соодветна помош за младите специјалисти во одредена област за полесен и покомпетентен влез во пазарот на трудот. Воедно, создавање на клима за унапредување на сите дејности кои се значајни за младиот човек во општина Гевгелија, а подигајќи го младиот надежен дух во Република Македонија.

**Тијана Ристовска**
**(заменик-претседател на Локален младински совет)**

## НАМАЛУВАЊЕ НА ПАСИВНОСТА КАЈ МЛАДИТЕ




Мојата визија за работата на Локалниот младински совет е базирана на идеологијата за намалување на пасивноста кај младите, поттикнување волонтерство и партиципација во политиките за млади. Верувам дека младите ќе го подобрат општеството, затоа е неопходно професионално да се фокусираме на младинскиот напредок и инвестирањето во едукацијата на младите. Едукацијата е главен предуслов во насочувањето на младите и отворањето на нови видици.

Како младински активист, сум вклучена во граѓанскиот сектор и сметам дека ги поседувам потребните квалификации кои лесно ќе ги имплементирам преку Локалниот младински совет на Општина Гевгелија. Пред се, во поголемата вклученост на младите во граѓанскиот сектор, како значаен коректив во општеството. Зголемената ангажираност на младите, нивната организираност и конкретната активност ќе настојуваме да ги обезбедиме преку Локалниот младински совет, отворено зборувајќи и нудејќи решенија за сите предизвици со кои денес се соочуваат младите.

**Атанас Епов**
**(член на Локалниот младински совет)**

# ПОГОЛЕМА СВРТЕНОСТ КОН СПОРТОТ

Младите се сѐ попасивни и поминуваат огромен период од денот пред екраните, без физичка активност. Тоа резултира со зачестена појава на здравствени нарушувања, која значително би се намалила доколку младите се ориентираат малку повеќе кон спортот. Нашата општина поседува бројни локации, погодни за спортски активности, кои не се искористени на адекватен начин. Нашата цел, како членови на Локалниот младински совет, во соработка со Локалното собрание на млади, е да се пронајдат вистинските начини за активирање и за мотивирање на младата популација кон „спортските води“, а со тоа да се подобри и квалитетот на живот. Во Програмата за работа на Локалниот младински совет за 2023 година, се предвидени повеќе спортско-рекреативни настани, планирани да започнат уште во текот на годината и да станат традиционални во иднина. Со исклучок на тимските спортови, во Гевгелија, во подем е и атлетиката, пред сè, поради одличната работа и




ангажирањето на Атлетскиот клуб „7 Ноември“. Овој Клуб нуди можност за учествување на бројни трки во и надвор од Македонија и претставува одлична „отскочна даска“ за младите, кои сакаат да започнат со трчање, макар и на рекреативно ниво.

**Памела Петровска**
**(член на Локален младински совет)**

# КОЛЕКТИВНА ПРОМЕНА НА СОСТОЈБИТЕ

Како претставник од ОО Црвен Крст - Гевгелија и со лично свои идеали се залагам за правата на жените, децата и загрозените групи лица. Со тоа на ум, Локалниот младински совет го замислувам како поврзаност меѓу сите нас млади. Со повисока воншколска едукација на различни теми, социјализација на младите и негување на хобија и таленти. Својата креативна страна ја изразувам преку рачна изработка на накит, а верувам дека постојат начини секој од нас да ја искаже својата. Љубител сум на природните науки, особено, на животните и растенијата. Најмногу се поврзувам со екологија и животна средина. Верувам дека луѓето колективно можат да ја променат насоката, во која се движи нашата планета.

Со работилници, пошумувања и едукации преку Локалниот младински совет ќе започнеме со промена во нашето општество, а тоа е најефективен начин, со кој ќе придонесеме позитивна промена како дел од оваа планета. Верувам дека оваа т.н. пасивна младина има голем потенцијал и ветува подобра иднина за сите нас. Само доколку има каде




да го докажеме тоа и како да се мотивираме. Локалниот младински совет е нашата поврзаност низ која ќе се запознаеме, најпрво, самите со себе како единки и нашите способности, а воедно и луѓето околу нас, нашите и нивните проблеми и начин на кој ќе ги надминеме заеднички.

**Ѓорги Петков**
**(член на Локалниот младински совет)**

# КРЕАТИВНО РЕШАВАЊЕ НА ПРОБЛЕМИТЕ

Мојата визија за Локалниот младински совет е базирана на три постулати. Интегрирање на сите млади луѓе од Гевгелија, кои се заинтересирани за креативно решавање на проблемите со кои сме засегнати. Бура на идеи, како алатка, со која ќе носиме ефикасни решенија за проблемите. Последно и најважно - создавање на услови и амбиент, за младите да останат во општината, каде што колективно ќе придонесеме за развој и иновации. Како Младински совет, се залагаме за останување на младите во Македонија. Една од главните причини за иселувањето се малите плати и нискиот животен стандард. Или, како последица на тоа, сè повеќе млади се принудени да заработуваат онлајн, на „брз и лесен“ начин. Но, често се жртви на финансиска измама, не препознавајќи го економскиот криминал. Оттука и нашата стратегија за подобрување на




овие состојби преку организирање семинари и работилници за финансиска едукација и стекнување меки вештини за подготовка на младите пред да зачекорат на пазарот на трудот.

д-р Златко Трајков

# НОВИ И ДОСЕГА НЕПОЗНАТИ ФАКТИ ЗА РАЗВОЈОТ НА ГЕВГЕЛИЈА

По скоро еднодецениско истражување, д-р Златко Трајков од Гевгелија ја приврршува книгата за историјата на градот Гевгелија. На 1000 страници, во книгата „ГЕВГЕЛИЈА“, тој го опишува настанокот и развојот на Гевгелија од античкиот период до денес. Поголем дел од материјалот е обезбеден од странските архиви, но дел и од Архивот на Република Македонија. Книгата ќе содржи 22 обемни дела, многу нови и досега непознати откритија за Гевгелија, а во неа за прв пат ќе бидат објавени 1000 фотографии.



Сè досега, се мислеше дека Гевгелија станала град во 1886 година, за што  пишува и патеписецот Андреа Тошев во делото „Описание на Гевгелие“, кој во 1890 година наведува дека Гевгелија станала седиште на кајмакам во 1886 година, а до тоа време била мудурлук, кој го управувал кукушкиот кајмакам. Меѓутоа, во Државниот архив на Турција постои документ во кој се вели, дека на 5 април, 1885 година, во рамките на Солунскиот Вилает, се конституира новата Гевгелиска Каза, а Гевгелија, административно и правно, од гратче се признава за град. Ова укажува, дека Гевгелија станала град една година порано, односно, во 1885 година, а не во 1886 година, како што досега се мислеше.

## Мал Солун

Гевгелија имала регионално стопанско и економско значење со многу брз економски раст. Според Архивата на Стопанската комора на Франција, со седиште во Константинопол (денешен Истанбул), во 1893 година, град Гевгелија остварил 5.036 тони трговска размена, од кои 2.727 извесени тони биле локални трговски производи.  Оваа трговска размена, во 1911 година пораснала на 15.094 тони, од кои скоро 6.000 тони биле локално производство. Тогаш, во  Гевгелија живееле околу 5.000 жители.  Во Гевгелија, пред Балканските војни и Првата светска војна, се произведувале аба, разни житни култури, маслодајни семиња, ладно цеден зејтин за јадење, свеж и сушен мешан зеленчук, брашно и тестенини, но и разни дрвенарии, јаглен, кокс и лигнит, машини и машински делови, волнени предива, разно манифактурно производство. Исто така, се произведувале цигари и пури, памучни суровини и памучни ткаенини, стакло и стакларија, свилени кожурци и свилен конец, разни зачини, грнчарски и глинени садови, свежо и засолено месо, сирење и разни други трговски артикли.

За времето на Отоманска Македонија, Гевгелија, како трговски центар, била на трето место по Солун и Битола, а пред Скопје. Поради големиот трговски потенцијал, Гевгелија, пред Балканските војни, била нарекувана „Кучук Сељаник“ што во превод значи - Мал Солун. Исто така, Гевгелија била нарекувана и Втор Милано поради стопанскиот и економски потенцијал и развој од регионално значење. За жал, целиот економски развој на Гевгелија бил прекинат со исцртувањето на новата граница со Букурешкиот договор во 1913 година, која практично ја изолирала Гевгелија од пазарите на запад, во Европа и пазарите на исток, во Турција и Персија, каде се извезувало целото гевгелиско производство. За време на кобната Прва светска војна, Гевгелија била срамнета со земјата, а за време на Кралството Југославија економијата во градот почнува да заздравува, додека за време на СФРЈ и до распадот на федерацијата економијата повторно заживува.

Од 1872 година, Гевгелија имала статус на гратче, а не населба како што се пишуваше досега. Тоа го потврдуваат повеќе автори и историчари, како патеписецот Ј.Г.Хан, Андреа Тошев. Кузман Шапкарев, Јоанис Ксантис, Коста Костиќ, проф. Ст. Станојевиќ и други. До 1872 година, Гевгелија бил мухтарлук или селска населба со управител мухтар и кмет на селската населба – коџобаш. Од 1872 година, Гевгелија се издигнала со статус на мудурлук или општина и била управувана од мудир, односно, имала правно – формален статус на нахија или мудурлук или нешто како денешна општина.



## 4 Војни и 10 силни земјотреси

Гевгелија и неговите жители во минатото претрпеле многу големи искушенија на природни непогоди и војни. Градот во последните 100 години има претрпено 4 големи војни и повеќе граѓански немири. Во последниот век, во Гевгелија имало 10 јаки земјотреси, од кои 8 катастрофални, а 2 разорни, кои се случиле на 7 и 8 март 1931 година. Според јачината, овие разорни земјотреси биле со јачина од 8 и 9 степени според Роси – Фолеровата скала, додека според новата Рихтерова скала имале јачина со магнитуда ML= 6 и ML= 6.7 степени.

Но, најголемо искушение за градот Гевгелија и за гевгеличани претставува Првата светска војна кога во периодот 1915-1918 година градот бил срамнет со земјата. Во еден државен документ на Министерствоото за внатрешни работи на Кралството СХС, од 8 октомври 1918 година, стои: „Градот Гевгелија е потполно опустошен. Во 1915, во Гевгелија имало 1.300 куќи, а во 1918 година немало ни 200 куќи. Сѐ е срушено до темел." Гевгелија била во срцето на фронтовата линија на Солунскиот фронт, градот бил упориште на завојуваните страни за целото време додека траела Првата светска војна. Бомбардирањата започнале кон крајот на 1915



година, а во текот на три години градот бил скоро секојдневно гранатиран, авионски и артилериски. Во овој период се појавила и тифусна епидемија, насекаде по градските улици имало човечки лешеви, а Гевгелија наликува на „Град на смртта!", запишал сер Томас Липтон.

## Гевгелија-рамно поле

Името Гевгелија од семантичко – синтаксички аспект има чисто славјанско јазично потекло, а не како што досега се мислеше, дека има турска јазична етимологија. Имено, денешниот збор „Гевгелија" доаѓа од славјанска јазична форма и во превод значи - рамно поле. Всушност, славјанската форма претставува славјанизирање на грчката форма Ζευγηλατείον што во превод значи: ораница или горјаница. За првпат, грчката форма во пишаните документи се среќава во 1319 година, додека пак, за првпат славјанската форма на зборот ја среќаваме во 1330 година. Тоа може да се види во повелбата на цар Стефан Дечански од 1330 година и хрисовулите на цар Душан од 1348 година, но и уште порано, со старогрчката форма Ζευγηλατείονод 1319 година кај преводите на царот Михаил Палеолог. Турската форма – gölgeli е настаната доста подоцна за разлика од грчката, односно, славјанската, и тоа, 53 години порано пред доаѓањето на Османлиите во Гевгелија во 1383 година кога и настанала старотурската варијанта

## Нови откритија за Гевгелија

Низ минатото, градот Гевгелија бил дел од многу светски случувања и светски настани, а била посетувана и од многу светски политичари и други видни светски личности. Гевгелија ја посетиле: османлискиот султан Мехмед V Решад, германскиот канцелар - кајзерот Вилхелм II, германскиот маршал Август фон Мекенсен, кралот и кралицата на Кралството Грција Ѓорѓи II и Елисавета, српскиот патријарх Варнава, кралот на Кралството СХС Александар I Караѓорѓевиќ, претседателот на Владата на Кралството СХС, Петар Живковиќ, претседателите на Владата на Грција, Елефтерос Киријаку Венизелос и Константинос Цалдарис, но и многу други видни светски државници и висококодостоинственици. Најголеми почести и спомени кај гевгеличани оставиле петте посети на претседателот и врховен командант на СФР Југославија, маршалот Јосип Броз Тито.

Од многуте нови откритија за град Гевгелија, вреди да се одбележат два: едниот, дека цар Душан починал во село Ѓавото, на само 5 километри од град Гевгелија во 1355 година. И, второто откритие - Првото ослободување на градот Гевгелија од страна на Турците се случило на 7 Ноември 1912 година. Град Гевгелија го ослободила српската војска со тактичка воена стратегија на Аргир Наков Манасиев, со потпишување на Мировен договор за мирно повлекување на Турците од градот Гевгелија. На истиот ден, но, по 32 години, во Втората светска војна, Гевгелија била ослободена од германска и фашистичка окупација.



**д-р Златко Трајков**

# ГЕВГЕЛИСКИТЕ АТЛЕТИЧАРИ ЈА СТАРТУВАА СЕЗОНАТА ВО ГОРНИ ДИСАН

Атлетичарите на АК „7 Ноември"- Ѓорги Чучанов, Марко Чучанов, Ангел Арнаудов, Николчо Костадинов, Живко Петков, Мијалчо Андоновски и Дарко Прошев стартуваа во годинашната тркачка сезона со учество на „Треил трката за вино и љубов" во Горни Дисан, Неготино. Стартот и финишот на оваа прва од таков вид трка во Неготионо беше пред Планинарскиот дом „Дедо Иљо Јанчев" во Горни Дисан.

„Треил трка за вино и љубов" е инспирирана по примерот на винските трки во Франција и Италија, а замислена да биде забава и дружење, со што ќе се излезе од рамките на класичните траил трки со цел да се ужива во природата и да се започне денот со радост. Трката се



одржа под мотото „Стартувај, уживај, радувај се! Во тебе е клучот." Патеката беше долга 7 километри со 300 метри висинска разлика, а учество зедоа над 50-тина треил тркачи.

**На трката Chupino winter vertical 2023 на Плачковица**

# ВАЛЕНТИНА УЗУНОВА ПРВА КАЈ +50 И ОСМА ВО ГЕНЕРАЛЕН ПЛАСМАН

Гевгеличанката Валентина Узунова го освои првото место во конкуренција на +50, на трката Chupino winter vertical 2023, на планината Плачковица, со должина од 5500 м. и висинска разлика од 1030 м. Стартот беше од центарот на с. Блатец, а финишот на врвот Чупино, Плачковица, без временско ограничување. На трката зедоа учество 94 натпреварувачи во женска и машка конкуренција од Македонија, Србија, Косово и Бугарија.

Валентина Узунова беше осма во генералниот пласман со постигнатото време од 1 час и 15 минути. Нејзиното време е за 14 минути подобро од она што го постигна минатата година, а, како што изјави, нејзина цел е да трча околу 1 час. „Чупино вертикал




2023" е трка во дисциплината вертикален километар, во која натпреварувачите искачуваат околу 1 км. висинска разлика, во должина од максимум 5 км. со дозволена отстапка од 5-10%.

# ДВАЈЦА ГЕВГЕЛИЧАНИ ВО КАДЕТСКАТА РАКОМЕТНА РЕПРЕЗЕНТАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

Двајца гевгелиски млади ракометари станаа дел на Кадетската машка ракометна репрезентација. Поранешниот голгетер на РК „Партизан", а сегашен член на „Мулти Есенс" од Скопје и неговиот колега, Димитар Узунчев, поранешен член на РК „Партизан" се одзваа на повикот на стручниот штаб и тренерот на кадетската машка ракометна репрезентација, Радослав Стојановиќ за ЕХФ неделата. Во рамки на ЕХФ неделата кадетската репрезентација на Македонија оддигра два контролни натпревари против репрезентацијата на Романија.

Овие натпревари се дел од подготовките за настапот на кадетите на претстојното Светско првенство во август во Хрватска. Учеството на гевгелиските ракометари во Кадетската репрезентација претставува







голем успех и признание за нивната досегашна игра. Но, и голем предизвик имајќи предвид дека ќе ја претставуваат Македонија на претстојното Првенство на најдобрите светски кадетски репезентации во ракомет.

# УСПЕШЕН СТАРТ НА ГЕВГЕЛИСКИТЕ ШАХИСТИ

Шаховскиот клуб „7 Ноември 2021" продолжува со своите активности и годинава, со бројни натпреварувања, но и постојано зголемување на членството. Во текот на февруари. четиричлена екипа на гевгелискиот клуб учествуваше на турнирот во Скопје „Карпош 2023". Исто така, беше организиран и брзопотезен блиц турнир во просториите на Клубот во Гевгелија, а гевгелиските шахисти учествуваа и на турнир во Прилеп. На крајот од февруари, во Шаховскиот клуб во Гевгелија се одржа вториот по ред Гранд При „Февруари 2023", на кој учество зедоа 16 играчи. По 9 одиграни кола швајцарски систем, најуспешен беше Благојче Најдески, со 6.5 освоени поени.

По отворањето на Шаховскиот клуб „7 Ноември" во Гевгелија, интересот за шахот во Гевгелија значително е зголемен, посебно меѓу младите. Наскоро, се очекува проектот - Шах во основните училишта да се имплементира и во Гевгелија. Според информациите од ШФМ досега преку овој проект се обучиле повеќе од 450 наставници, а треба да се обучат уште во регионот на Гевгелија, Кавадарци и Струмица. Целта е шахот да допре до секое дете, затоа што придобивките од шахот



се повеќекратни, а шахот не само што е корисен туку е и забавен за децата. Оттука и очекувањата, бројот на училиштата, вклучувајќи ги и гевгелиските, во кои ќе се имплементира шахот како наставен предмет и активно ќе се изучува, сè повеќе ќе се зголемува.

# ПЕТАР ШАРКОВ, МЛАДИОТ СПОРТИСТ ТРЧАШЕ ВО ЧЕСТ НА ПРЕРАНО ПОЧИНАТИОТ ИВАН ПЕНОВ

Петар Шарков е млад спортист од Гевгелија, кој со спортот се занимава од мали нозе, но и страствен навивач на фудбалот и кошарката. Првите спортски чекори ги започнува во ФК „Кожув", каде што настапувал во младинската екипа се до својата 18 година. Потоа, спортската кариера ја продолжува во ФК „Беласица", Струмица. Младиот Петар Шарков остана запаметен на минатогодишната трка November run Gevgelija по повод Општинскиот празник, 7 Ноември, кога трчаше во маицата со ликот на прерано починатиот кошаркар на КК „Кожув", Иван Пенов, кој покрај играњето кошарка беше и член на навивачката група „Фантоми Север".

Имено, Петар Шарков е претседател на навивачката група, „Фантоми Север", која е формирана во 1990 година, а тој во неа членува од 2011 година. По корона пандемијата и повторното отворање на спортските сали и терени, тој најавува дека навивачката група „Фантоми" ќе биде препознатлив белег на спортските трибини. Поточно, на секој кошаркарски натпревар на КК „Кожув", на трибината „Ц", и на секој фудбалски натпревар на ФК „Кожуф".



# „ЗА ТЕБЕ ЉУБОВ МОЈА“



Поетско-музичката манифестација „За тебе љубов моја“ годинава го доживеа своето 21 одржување со читање љубовни стихови и музика по повод 8 Март- Денот на жената. Во програмата за оваа манифестација учествуваа долгогодишни, но и



релативно нови соработници кои го даваат својот придонес во продолжувањето на неколкудецениската традиција со стихови и музика да се чествува жената. „21. За тебе љубов моја“ се одржа во хотел „Аполонија“, а во организација на професорите по македонски јазик и литература, Даниела Цишева и Тони Аврамов, кои преку Здружението на граѓани „Од станица до граница“ аплицираа за добивање финансиска поддршка од Општина Гевгелија оваа манифестација да биде реализирана.

# СВЕТИ ТРИФУН

Свети Трифун – Денот на лозарите во општина Гевгелија беше одбележан со повеќе манифестации и свечености на лозовите плантажи. Централниот настан се случи во црквата „Св.Петка“ во Прдејци, каде што по традиција се одржа црковна литургија, по што следуваше закројување на лозјето во дворот на црквата. На свеченоста присуствуваа голем број верници и гости, меѓу кои и градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов, кој честитајќи им го празникот на верниците и лозарите посака богат род на лозовите плантажи во општината и изрази надеж дека сегашниот тренд на модернизирано производство на грозје според европски стандарди ќе продолжи и понатаму.



# УСПЕШЕН ВТОР КОНЦЕРТ НА ШКОЛАТА ЗА ГИТАРА

Триесеттината млади ученици, идни потенцијални гитаристи, пред гевгелиската публика се претставија со инструменталки од домашни и странски нумери, кои ги подготвија по петмесечното вежбање под менторство на нивниот наставник, Костадин Динев. По првиот концерт во рамките на „Гевгелиско културно лето“ минатата година, Школата за гитара која работи при ЈОУ Дом на култура „Македонија“ во Гевгелија, уште еднаш успешно ги презентираше својата работа и талентот на младите од Гевгелија.



# КРВОДАРИТЕЛСКИ АКЦИИ

Во првата годинашна крводарителската акција, организирана од Општинската организација на Црвен крст- Гевгелија, во соработка со Институтот за трансфузиона медицина, беа собрани 28 единици крв. Веднаш потоа, во хотел-казино „Фламинго“ во Гевгелија беше организирана и втората по ред крводарителска акција, во која беа собрани 79 крвни единици. Првата крводарителска акција во хотел-казино „Фламинго“ се одржа во ноември 2020 година, во рамките на хуманитарно-донаторски активности кои Групацијата „Новоматик Македонија“ и „Апекс Македонија“ ги реализираа од почетокот на светската пандемија со Ковид-19.



# 168 НОВОРОДЕНЧИЊА



Во текот на 2022 година, во општина Гевгелија се родиле 168 деца, од кои 78 машки и 90 женски. Нема сомневање дека женските новороденчиња предничат пред машките. Скоро половината од новороденчињата биле прворودени, второродени биле 57, а третородени 14 новороденчиња. Интересно е што лани само едно семејство добило четврτороденче и кај едно семејство новороденчето било шестто по ред. Како што е познато, Општина Гевгелија за секое прво и второродено дете исплаќа еднократна парична помош од по 6.000 денари, а, за трето, четврто и повеќе деца по 12.000 денари.

# БАЛКАНСКА УГОСТИТЕЛСКА СРЕДБА



Гевгелискиот Средноучилишен центар „Јосиф Јосифовски“, на покана од СУГС „Лазар Танев“ – Скопје, учествуваше на Конференцијата за соработка со средните угостителско – туристички училишта од Балканот „Заедно сме поуспешни“. Според директорката Марија Танева и професорот Бранко Бизоев, целта на конференцијата била да се разменат искуства од добри практики во образовниот процес и практичната настава, да се отворат можности за соработка помеѓу училиштата во иднина, како и да се воведе рамка на идни активности во меѓусебната соработка. На конференцијата, покрај претставници од средните угостителско-туристички училишта од Белград, Нови Сад, Теслиќ и Гевгелија, присуствуваа и претставници од Факултетот за туризам и бизнис логистика од Гевгелија и Универзитетот за туризам и менаџмент од Скопје, а онлајн беа вклучени и училиштата од Турција, Бугарија и Грција.

# „ЗЛАТЕН ЕЛЕЦ“ ВО ГЕВГЕЛИЈА



На двапати Театарот „Златен Елец“ гостуваше во Гевгелија, и тоа, подеднакво на задоволство на младата и повозрасната публика. Најпрво, беше изведена театарската претстава за деца „Тајната книга на дедо“, која ги воодушеви најмладите гевгеличани во Народниот театар во Гевгелија. Бидејќи низ приказната за двете сестрички, дедото, животните и џинот, на детски, забавен и волшебен начин, можеа да научат за вистинските вредности, за другарството, предрасудите и почитта кон постарите.

Театарот „Златен Елец“ повторно настапи во Гевгелија, но овојпат со изведба на претставата ГРЕТА, наменета за возрасната популација. Претставата „Грета“ е работена според Луц Хибнер и Јохан Волфганг фон Гете, а во режија на Тамара Стојаноска. „Грета“, всушност, е приказна за театарот, за создавањето на театарски светови, за пробата и процесот, за актерите како душата на театарот, за односите на театарските уметници во еден процес. Низ претставата се прикажани осум различни концепти за култната сцена со кутијата на Грета од „Фауст“ и двајца актери коишто ќе зборуваат за својата професија, за магичните, но и за оние тешки моменти со кој се судира секој театарски уметник.

# СПЕЦИЈАЛНА НАГРАДА



На Меѓународниот конкурс за поезија и театар „Замокот на Дуино“ во Трст, Италија, ученичките Боркица Ѓоргиева, Данче Стоименовска и Емилија Ванчева под менторство на професорките Тања Чугунџалиева и Емилија Дуганова од СОУ „Јосиф Јосифовски“ од Гевгелија се наградени со специјална награда за училиштен проект со наслов: „Насмевки на душата“. На натпреварот учествуваа илјадници млади поети од 90 земји од светот. Тоа е единствениот натпревар кој ги оценува песните на нивните оригинални јазици благодарение на полиглотното жири.













ГЕВГЕЛИСКИ МАГАЗИН
Издавач Општина Гевгелија,
ул. „Димитар Влахов“ 4 Гевгелија
Тел/факс: 034/211211 | www.gevgelija.gov.mk | gevgelijainfo@gevgelija.gov.mk